# уметноста на босна и херцеговина
# 1974 — 1984

музеј на современата уметност
скопје

мај — јуни 1984

## УМЕТНОСТА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА 1974—1984

Презентацијата на СЛИКАРСТВОТО на овој период акцентира неколку негови витални тенденции, а започнува таму каде што се застана на изложбата што го обработи периодот до 1974 година. Веќе со таа изложба е навестено доаѓањето на фигуративните тенденции, што, како што покажува и изложбата, во Босна и Херцеговина ќе се манифестираат низ оној вид на обнова на фигурацијата наречен неоромантизам, додека примерот на фото или хиперреализмот во неговата студена варијанта ќе биде сосема спорадичен. Меѓутоа, изложбата исто така покажува, дека некои од претставниците на неоромантизмот со времето, својот формален и содржински пристап на сликата, на извесен но не и радикален начин, го модифицирале и модернизирале, за да, како на пример Унковиќ и Обралиќ, речиси се приближат до апстрактниот пејзажизам, додека делото на Мусиќ веќе започна да инклинира кон оној тип на слика што го навестува почетокот на осумдесеттите години.

Експресивниот вид на фигурацијата помалку е присутен и негови најизразити претставници се Исмар Мујезиновиќ, Н. Чорбиќ и М. Черимагиќ, а специфичноста на изложбата е во тоа, што покажува, дека кон поекспресивен израз — веројатно на пат кон новата слика — се приближува и цела плејада на помлади уметници, како што се О. Добровиќ, С. Хаџихасановиќ и Е. Турнаџиќ.

За разлика од другите југословенски средини, на трендот за обнова на сликата во Босна и Херцеговина не му се спротивставија никакви појави на „новата уметничка пракса“, туку оние варијанти на нефигуративната уметност што се доближуваат до минималистичките тенденции или до примарното сликарство пред самиот крај на овој период. Поголемиот број од сликарите на оваа ориентација од 1975 година организирано настапуваат во групата „Простор-облик“, чии основачи се Е. Нуманкадиќк, Љ. Перчинлиќ, Т. Дугоњиќ, и Е. Мунџиќ, а со време, на групата и се придружија и Н. Њириќ, В. Димитриевиќ, Р. Тадиќ, Б. Мисирлиќ и М. Скопљак; како гостин со нив настапува и К. Богдановиќ, а по блискоста со сликарството, чии се поборници, на изложбата еднакво се третирани уште и А. Гвозденовиќ и З. Мелхер.

Покрај претставниците на овие две паралелни тенденции, во овој период постојано и активно дејствува и цела една плејада на личности, чие творештво повеќе им припаѓа на поетиките на претходните децении, но бидејќи и нивното дело претрпело извесни промени, или пак тие, дури сега го достигнале својот творечки зенит, во изложбата се вклучени и сликарите на симболот и знакот, како што се М. Заимовиќ, и С. Хасанефендиќ, како и неколку сликари на апстрактните и асоцијативните пејзажи: Н. Пивац, Ј. Граниќ, Ј. Никшиќ, А. Рамиќ и Љ. Стахов. Дека појавата на жестока навала на индивидуализам — што во различни краишта различно и се наречува — почнува да се манифестира и кај нас, покажуваат примерите на сликарството на В. Совиљ, Р. Тадиќ и Б. Димитриевиќ, додека со „новата слика“ благо се допрени и делата на уште неколку помлади автори.

ГРАФИКАТА на овој период претставува значајна целина во босанскохерцеговската уметност и во неа се рефлектираат слични појави како и во сликарството. Носители на тие појави се графичари коишто се афирмирале и се развиле во претходната деценија, а во овој период нивното творештво и дело влегува во класична фаза и зрелост. Затоа нема радикални промени, а поранешните доминантни фигуративни и неоромантични облици постепено се движат кон хиперреализмот, додека повеќето графичари го задржуваат својот тек на развиток во рамките на сопствените митологии. Наместо поранешните поединечни листови и графички решенија, се јавуваат големи формати, тематски целини и циклуси во мали тиражи, што е спротивно на тенденциите во светската графика, во која преовладува сериграфијата во голем тираж. Во босанскохерцеговската графика на оваа деценија доминираат уметници сега веќе од средната генерација. Во каталогот од изложбата графиката е претставена со посебен текст, но во експозицијата е поставена во рамките на одредени уметнички појави.

ЦРТЕЖОТ не е голема, но е квалитетна целина, што во исто време, по својата природа, остварува врска со другите целини, бидејќи со цртеж се занимаваат и сликари и скулптори и графичари, но се уочува и неговата самостојност, особено во одредени случаи, и кај помладите уметници. Во цртежот, имено, подобро се уочуваат разликите меѓу поранешните поетики и новите барања, што индиректно се поттикнати со состојбата и практиката на помладите уметници по концептуализмот. Еден дел од избраните автори и дела ги претставуваат поранешните класични тенденции, додека другите покажуваат цел спектар на настојувања во подрачјето на цртежот да откријат нови изразни можности или да воспостават цврст индивидуалитет. Затоа цртежот на оваа изложба ја афирмира, најчесто, побројната, помлада генерација на уметници.

Во концептот на оваа изложба и графиката и цртежот и на организаторот и на набљудувачот му наметнуваат дилема кога е во прашање нивната презентација, бидејќи е очигледно дека некои авторски целини и реализации бараат посоодветни и специфични услови на презентирање (што засега го немаме), додека другите автори можат полесно да се претстават и согледаат во контекстот на сродни уметнички појави во рамките на сликарството и на скулптурата.

Во босанскохерцеговската СКУЛПТУРА во последните децении кај малубројните автори од средната генерација, уочливо е настојувањето да се развива сопствениот израз, оформен уште во поранешниот период. Тие ретко експериментираат во нови материјали, а од традиционалните, најчесто се определуваат за дрвото. Изразите им се хетерогени, а присуството на хиперреализмот претставува новина во пластичната уметност на Босна и Херцеговина воопшто.

Тоа што некои скулптори ја БОЈАТ СКУЛПТУРАТА само по себе не би предизвикало ништо повеќе од вообичаено слегнување со рамениците, шо веќе со децении ја придржува нашата склуптура, сплетката меѓу малите материјални можности, неприкосновените авторитети и барањата за природна и асоцијативна хармонија со поднебјето. Меѓутоа, употребата на боја во скулптурата за цела генерација на млади автори во изминатата деценија е најизразена заедничка карактеристика (заради што е и издвоена скулптурата во боја во одделна студиска целина), што не значи дека тоа е единствената причина на нивното дистанцирање од претходните генерации. Во основата е желбата да се оживее скулпторската дејност растоварена од претходните утилитаристички конвенции. Многу појави во боената скулптура не се, всушност, далеку од веќе одживеаните авангардни движења на метрополите на уметноста, но се вклучени во изложбата како доминантни во оваа група, бидејќи ажурноста сама по себе, не беше во основата на критериумите при селекцијата на материјалот.

Во минатата деценија неколку автори се занимаваат и со ИНСТАЛАЦИЈА, уметничко творештво што се покажа многу привлечно за младите автори, бидејќи помалку обврзува на конечното конституирање на делото во вообичаеното вреднување а со битната карактеристика, содржана во неизвесноста на резултатот, овозможува отворање на пoслободно уметничко дејствување, како и употреба на нови и сиромашни материјали на кои изминатата деценија им беше толку наклонета. За жал, стеснетите просторни можности на уметничката галерија на БиХ не дозволија излагање на повеќе од една ваква творба.

Авторите на изложбата

Авторите на изложбата
А. Бегиќ, Д. Дамјановиќ,
М. Хусеџиновиќ, И. Крзовиќ и
Н. Зилџо

## КАТАЛОГ

### ЈОСИП АЛЕБИЌ

1. ПОЧВИ, 1978
масло на платно, 131 x 191

### БОРИСЛАВ АЛЕКСИЌ

2. Од циклусот „ПАТ ВО НИШТО", 1974
комбинирана техника, 85,5 x 63,3
3. Од циклусот „ПАТ ВО НИШТО", 1974
комбинирана техника, 132 x 113,5
4. ДИЈАЛОГ СО ЦВЕТ, 1975
комбинирана техника, 128,5 x 860
5. Од циклусот „ПАТ ВО НИШТО", 1975 /76
комбинирана техника, 144 x 218,5

### ЉУПКО АНТУНОВИЌ

6. Од циклусот „ЛИЦА", 1983
гипс, 47,5 x 32 x 8
7. Од циклусот „ЛИЦА", 1983
гипс, 30 x 25 x 14

### ХУСЕИН ХУСКО БАЛИЌ

8. ПОД ПАДИНА I, 1976
бакропис, акватинта, 88 x 60,3
9. ЦРТЕЖ, 1976
пастел, 50 x 65,5

### МЕРСАД БЕРБЕР

10. ВО СЛАВА НА ГУСТАВ КЛИМТ, 1975
дрворез во боја, 158 x 120
11. TEMPO SEKONDO, 1975/76
дрворез во боја, 120 x 160,5
12. МРТОВ РОМ, ХРОНИКА ЗА САРАЕВО XII, 1978
комбинирана техника,159 x 120
13. TEMPO SEKONDO, II (од филмот), 1983
цртеж, комбинирана техника, 190 x 145

### ИБРАХИМ БИЛАЈАЦ

14. ПОРТРЕТ НА ВЛАДИМИР ВОИНОВИЌ, 1975
гипс, 27 x 26 x 25

### КОСТА БОГДАНОВИЌ

15. НАНЕС НА ОБОЕНА СТРУГОТИНА И ДУФИКС НА КАРТОН, 1975
дуфикс и струготина на картон, 100 x 72,5
16. ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА ПОВРШИНА, 1978
дуфикс на картон, 51 x 35,5

### ЗОРАН БОГДАНОВИЌ

17. ТРИ АКТА, 1980/81
гипс, в. 96,5
18. ОБЈЕКТИ, 1983
комбинирана техника, в. 50

### МИЛИВОЕ БОКИЌ

19. ЦВЕТ, 1979
дрво, камен, 59 x 40 x 37
20. ПЛАМЕН, 1980
дрво, камен, 73 x 51 x 52
21. ЉУБОВНА ИГРА, 1981
дрво, камен, 68 x 56 x 46

### АЛЕКСАНДАР САША БУКВИЌ

22. АХАДСКИ КРАЛ, 1982
боен гипс, 49 x 33 x 22,5
23. КОМПОЗИЦИЈА I, 1983
боен лим, 250 x 40

### СЕАД ЧИЗМИЌ

24. КУПАТИЛО, VI, 1983
масло на платно, 140 x 164

### НЕЗИР ЧОРБИЌ

25. КАДИЊАЧА, 1974/75
масло на платно, 202 x 152
26. ФИГУРИ
масло на платно, 60 x 70
27. ЧОВЕК И КОЊ, 1983
масло на платно, 200 x 200

### МУХАМЕД ЧЕЈВАН

28. Опус „ИСЧЕЗНУВАЊА II", 1983
комбинирана техника на платно, 190 x 292

### МУРАДИФ ЧЕРИМАГИЌ

29. РАСПЕТИЕ II, 1981
акрилик на хартија, 232 x 159
30. ЦРТЕЖ I, 1983
цртеж, 71 x 92,5
31. ЦРТЕЖ II, 1983
цртеж, 91 x 92,5

### МИРОСЛАВ ЌОРОВИЌ

32. БЕЛА СЛИКА, 1978
масло на платно, 140 x 100
33. ОКТОМВРИ ВО ГОРА, 1978
масло на платно, 100 x 140
34. КОМПОЗИЦИЈА, 1983
масло на платно, 149 x 199

### СЛОБОДАН БРАЦО ДИМИТРИЕВИЌ

35. ПРЕД ЛИНИИТЕ ПОВТОРНО ДА СЕ ИСПРАВАТ, 1982
масло на акрилик на платно, 193 x 148
36. СТО ПЕТ ЧЕКОРИ НАПРЕД, 1983
масло и акрилик на платно, 105 x 213

### ВОЈО ДИМИТРИЕВИЌ

37. ПОРАКА XXXIV, 1974
масло на платно, 144 x 114
38. ПОРАКА XXXVII, 1974
масло на платно, 144 x 114
39. ПОРАКА 1980, 1980
масло и најлон на платно, 197 x 442

### ОЉА ДОРОВИЌ

40. ТРИПТИХ
масло на платно, 105 x 206

### ЕМИР ДРАГУЉ

41. ЈАВАЧ, 1977
бакропис-акватинта во боја, 57 x 76
42. ПОМЕЃУ ДВЕ БРДА, 1983
бакропис-акватинта, 53,5 x 79
43. НОЌ, 1983
бакропис-акватинта, 51,5 x 79

### ТОМИСЛАВ ДУГОЊИЌ

44. С-3/77, 1977 (од опусот „ПОНАТАКА", циклус КОНТИНУУМ)
полимер на платно, 135 x 135
45. С-2/79, 1979 (од опусот „ПОНАТАКА", циклус „КОНТИНУУМ")
46. Г-2/82/1982
серигрaфија 70,5 x 100
47. Г-1/82, 1982
серигрaфија, 70,5 x 100

### ЈОСИП ГРАНИЌ

48. ПРЕДЕЛИ НА СВЕТЛОТО И ТЕМНИНАТА I, 1982
радиран пастел, 65 x 50
49. ПРЕДЕЛИ НА СВЕТЛОТО И ТЕМНИНАТА II, 1982
радиран пастел, 65 x 50

### ЗДЕНКО ГРГИЌ

50. ЖИВОТНО, 1975
дрво, 19 x 56 x 18
51. КОМПОЗИЦИЈА XIII, 1983
дрво, 210 x 140 x 18

### АНДРЕЈА ГВОЗДЕНОВИЌ

52. ПРИВИДЕНИЕ НА БЕСКРАЈНИОТ ПРОСТОР, 1982
масло на платно, 100,5 x 120,5
53. НАМАЛУВАЊЕ НА СВЕТЛИНАТА, 1983
масло на платно, 98 x 113,5

### САДКО ХАЏИХАСАНОВИЌ

54. БЕЗ НАСЛОВ
масло на платно, 119 x 145
55. НА ПЛАЖА, 1983
цртеж, комбинирана техника, 90,5 x 70

### СЕИД ХАСАНЕФЕНДИЌ

56. УРБАНИЗИРАН ПЕЈЗАЖ I, 1980
масло на платно, 100 x 120
57. ЕЛЕМЕНТИ НА БОСНА, 1981
масло на платно, 150 x 181

### АРФАН ХОЗИЌ

58. ЦРВЕНА И ЗЕЛЕНА РИБА, 1974
вештачки камен, 2 пати, 30 x 62 x 21
59. ЦРВЕНА РИБА, 1978
вештачки камен, 18 x 53 x 9
60. ПЛАВА РИБА, 1978
вештачки камен, 17,5 x 57 x 9

ЏЕВАД ХОЗО

61. ВИСТИНСКО, од циклусот „СТРАШИЛА XV" 1978
бакропис — vernis-mou, 75 x 68,5
62. ОД ЦИКЛУСОТ „СТРАШИЛА VII", 1978
бакропис, 88 x 68
63. ECCE HOMO, од циклусот „СТРАШИЛА V", 1979
рељефен бакропис — vernis-mou, 88 x 68

СМАИЛ ИФТИЌ

64. ИЗЛИЖАН КАМЕН СО ДВА КРАКА, 1983
боено дрво, 37 x 55 x 58
65. ПРЕДЕЛ I, 1983
боено дрво, 36 x 66 x 66

РАДМИЛА ЈОВАНДИЌ — ЏАПИЌ

66. ЦРТЕЖ I, 1982
комбинирана техника, 57 x 78
67. ЦРТЕЖ II, 1982/83
комбинирана техника, 65 x 91,5

АНТЕ ЈУРИЌ

68. ГРУПА I, 1982
полиестер, 47 x 82,5 x 45,5
69. ГРУПА II, 1982/83
полиестер, В. 14

АНТО КАЈИНИЌ

70. ЕДЕН ЧОВЕК, ЕДЕН КОЊ И ЕДНА ЖЕНА, 1981
масло и поликолор на платно, 80 x 110
71. ЗАЈКО ВО ШУМИЧКА И ЧИЧКО ЛОВЕЦ, А ТОЈ ИМА ПУШКА, 1983
масло и поликолор на платно, 100 x 150

МЕХМЕД КЛЕПО

72. СЛИКА L, 1982
масло на платно, 206 x 100
73. СЛИКА L, 1982
масло на платно, 206 x 100,5

РАДОВАН КРАГУЉ

74. RABBIT SERIES AB (EX-L) № 1, 1981
цртеж со молив, 80 x 120
75. RABBIT SERIES AB (EX-L) № 2, 1981
цртеж со молив, 80 x 120

АЛИЈА КУЧУКАЛИЌ

76. МУГРИ НА РЕКА, 1979
цртеж со молив во боја, 52 x 70
77. СКУЛПТУРА ЗА Т, 1980/81
цртеж со молив во боја, 52 x 70

БОШКО КУКАНСКИ

78. ЗАСТАНЕТЕ ГАЛИИ ЦАРСКИ, 1979/80
дрво-коноп, В. 35 (8 делови)
79. КРФ, ОСТРОВ ВО ЈУГОСЛАВИЈА, 1978/81
дрво-коноп, 54 x 120 x 83
80. УСТОЛИЧУВАЊЕ НА ПРОЛЕТТА, 1981
дрво-коноп, 64 x 57 x 52

МИРКО КУЈАЧИЌ

81. ГЛАВА НА ПЛАНИНЕЦ, 1974
масло на платно, 65 x 101,5

РАТКО ЛАЛИЌ

82. МЕЃА, 1978
масло на платно, 126,5 x 78
83. НАТКОС, 1981
масло на платно, 140 x 190
84. СТРНИШТА, 1983
масло на платно, 185 x 250

ФРАЊО ЛИКАР

85. АНАБЕЛА СО АНГЕЛСКА ПРИРОДА, 1979
масло на платно, 81,5 x 129
86. ДВЕ ЖЕНИ СЕ СЕЌАВААТ ВО ЛЕТО ВО КОНСТАНТИНОПОЛ, 1979
масло на платно, 95 x 122
87. БИ САКАЛ ДА ПОЈДАМ НА ЈУГ ВО ЈУКАТАН, 1980
масло на платно, 85 x 119
88. ТОРЗО НА ЗЕЛЕНА ЖЕНА
полиестер, 52 x 78 x 18

РАГИБ ЛУДОВАЦ ЧЕЛЕВИЈА

89. КОЊ, 1983
комбинирана техника, 70,5 x 50,2
90. КОЊИ, 1983
комбинирана техника, 70,5 x 50,2
91. РАЦЕ, 1983
комбинирана техника, 100 x 71

РАНКА ЛУЧИЌ — ЈАНКОВИЌ

92. КОРПА II, 1980
бакропис, акватинта, 84 x 63
93. ЈАЗОЛ, 1981
бакропис, акватинта, 75 x 52

ИБРАХИМ ЉУБОВИЌ

94. СЛИКА СО ВЕСНИК, 1980
масло на платно, 70 x 100,5

МИРКО МАРИЌ

95. НАД, 1981
акролик на платно, 75 x 60
96. ДО, 1981
акрилик на платно, 63,5 x 46

ПРЕДРАГ МАРЈАНОВИЌ

97. Од циклусот „ПЕЈЗАЖ", 1982
перо, туш, 100 x70
98. Од циклусот „ПЕЈЗАЖ", 1982/83
перо туш, 100 x 70

ЗЛАТКО МЕЛХЕР

99. БЕЗ НАСЛОВ, 1983
комбинирана техника, 49,5 x 70
100. БЕЗ НАСЛОВ, 1983
комбинирана техника, 47 x 58

БЕКИР МИСИРЛИЌ

101. БЕЛЕЗИ НА МИНАТОТО I, 1977
масло на платно, 155 x 135
102. БЕЛА ПРЕГРАДА, 1979
масло на платно, 135 x 135
103. БЕЛА ВИСОРАМНИНА VII, 1981
масло на платно, 135 x 135
104. БЕЛА ВИСОРАМНИНА — ДОЖД И СОНЦЕ, 1982
масло на платно, 135 x 135

ЕСАД МУФТИЌ

105. ДЕВОЈКА, 1983
бакропис, акватинта во боја, 57 x 76
106. ГОЛЕМ ЛИСТ, 1983
бакропис, акватинта во боја, 76 x 57

ИСМАР МУЈЕЗИНОВИЌ

107. РОМАНТИЧАРИ,
масло на платно, 200 x 300

ЕНЕС МУНЏИЌ

108. ОФОРМУВАЊЕ VI, 1979
цртеж, молив во боја, 71 x 50
109. ПРОСТОР XX, 1982
цртеж, молив во боја, 71 x 50

СЕАД МУСИЌ

110. АУГУСТ, 1980
комбинирана техника, 50,2 x 65,5
111. АТЕЛЈЕ, 1983
масло на платно, 51 x 57
112. КОЗА, 1983
масло на платно, 100 x 73
113. МОМЧЕ СО ПЕТЕЛ, 1983
масло на платно, 75 x 90

ВИРГИЛИЕ НЕВЈЕСТИЌ

114. ЕУФОНИЈА НА МЕМОРИЈАТА,
бакропис, 150 x 92
115. Од циклусот „ЦВЕТОВИ НА ЗЛОТО", 1975
мезотинта, бурин и акватинта во боја, 76 x 55
116. Од циклусот „ЦВЕТОВИ НА ЗЛОТО", 1975
мезотинта, бурин и акватинта во боја, 76 x 55

ЈУСУФ ЈУСА НИКШИЌ

117. БЕЗ НАСЛОВ, 1983
темпера на картон, 49 x 68
118. БЕЗ НАСЛОВ, 1983
темпера на картон, 49 x 69

ЕДИН НУМАНКАДИЌ

119. БОЈА, ПРОСТОР, ВРЕМЕ,
акрилик на платно, 101 x 70
120. БОЈА, ПРОСТОР, ВРЕМЕ, 1978
акрилик на платно, 100 x 70
121. БОЈА, ПРОСТОР, ВРЕМЕ, 1981
акрилик на платно, 100 x 70
122. ТРАГИ I, 1982
комбинирана техника, 2 x 64 x 92

НИКОЛА ЊИРИЌ

123. КОМПРОМИСНО, 1981/82
дрво, 113 x 63 x 33
124. АГРЕСИВНО, 1981/82
дрво, 49 x 85 x 40
125. ВЧЛЕНЕТО — РАЗЧЛЕНЕТО, 1982
дрво, 43 x 69 x 29

САЛИМ ОБРАЛИЌ

126. НОЖИЦИ, 1978
цртеж со молив, 71 x 75,5
127. ТАТКОВИОТ АЛАТ V, 1980
масло на платно, 135 x 135
128. КАМЕНИЦА V, 1981
масло на платно, 135 x 135
129. БРДО IV, 1982
масло на платно, 135 x 145

НУСРЕТ ПАШИЌ

130. ТРИ ГЛАВИ ВО ПЕЈЗАЖ, 1981
комбинирана техника, 124,5 x 93,5
131. ИНСТАЛАЦИЈА, 1980/1983
комбинирана техника, 220 x 440 x 320

ЉУБОМИР ПЕРЧИНЛИЌ

132. СЛИКА Ф-I, 1979
масло на платно, 160 x 130
133. СЛИКА К-7, 1981
масло на платно, 160 x 130
134. СЛИКА К-9, 1981
масло на платно, 155 x 185
135. СЛИКА 25, 1983
акварел, 100 x 80

НАДА ПИВАЦ

136. КУЌА, 1976
пастел, 43,5 x 49,5
137. СИНТЕТИЧКИ ПРЕДЕЛ, 1978
пастел, 49 x 56
138. БЕЛЕГ II, 1980
пастел, 73,5 x 46

АФАН РАМИЌ

139. БАЧИЛА ПОД ВЕЛЕЖ, 1978
комбинирана техника, 170 x 110

МУСТАФА СКОПЉАК

140. ОСТАТОЦИ ОД АКТ, 1980/81
боено дрво, 27 x 115,5 x23
141. ОСТАТОЦИ ОД АКТ, 1982
боено дрво, 22 x 84 x 18
142. БЕЗ НАСЛОВ, 1983
комбинирана техника, 94 x 63 x 22
143. БЕЗ НАСЛОВ, 1983
комбинирана техника, 22 x 85 x 22

КЕНАН СОЛАКОВИЌ

144. ДЕЛОВИ ОД КОМПОЗИЦИЈАТА 8, 1981
боен метал, 168 x 84 x36
145. ОБЈЕКТ А, 1982
метал и полиестер, 81,5 x 47,5 x 47,5

ВЕСО СОВИЉ

146. СЛИКА ОД 1982 VI, 1982
поликолор и течна бронза на платно, 142 x 197
147. УКРАС СО КРИЛЈА, 1983
поликолор и течна бронза на платно, 170 x 143

ЉУБОМИР СТАХОВ

148. ВО ПЕЈЗАЖ 7, 1983
масло на платно, 130 x 120
149. ЗНАК ОД ПРИРОДАТА I, 1983
масло на платно, 180 x 190

КЕМАЛ ШИРБЕГОВИЌ

150. РУБАИИ НА ОМАР ХАЈАМА (книга со 10 линогравури во боја) 1976 а. 65,5 x 49; б. 65,5 x 49,5; в. 65,5 x 49,5

ИВИЦА ШИШКО

151. ГРАФИКА I, 1983
бакропис, акватинта во боја, 60 x 78
152. ГРАФИКА II, 1983
бакропис, акватинта во боја, 80 x 60

РАДОСЛАВ ТАДИЌ

153. БЕЗ НАСЛОВ, 1977
масло на платно, 135 x 190
154. БЕЗ НАСЛОВ, 1979
акрилик на платно, 230 x 156
155. РАБОТА СО ХАРТИЈА, 1980
хартија и лепак, 51 x 65
156. ГЛИСАНДО, 1982
акрилик на платно, 170 x 130

ХАЛИЛ ТИКВЕША

157. ЛЕТО XXII, 1976
бакропис, акватинта, 75 x 61,5
158. ЛЕТО XXIII, 1976
бакропис, акватинта, 75 x 61,5
159. ЖЕНА, 1978
бакропис, акватинта во боја, 71,3 x 56

МИЦА ТОДОРОВИЌ

160. МРТВА ПРИРОДА СО ИБРИК, 1977
масло на платно, 49 x 81

ЕМИРА ТУРНАЏИЌ

161. ПРЕОБРАЗБА, 1981
комбинирана техника на лесонит, 146 x 204
162. ПРЕМИН, 1981
комбинирана техника на лесонит, 70 x 202

МИЛИВОЕ УНКОВИЌ

163. АНАТОМИЈА НА ПРОСТОРОТ, 1978
комбинирана техника, 68,5 x 95,5
164. ПЛАЖА, I 1979
масло на платно, 160 x 175
165. ПЛАЖА II, 1979
масло на платно, 160 x 175
166. ПЛАЖА III, 1983
масло на платно, 134,5 x 134,5

ПЕТАР ВАЛДЕГ

167. БЕЗ НАСЛОВ, 1980/81
бакропис, акватинта, 63 x 91
168. БЕЗ НАСЛОВ, 1981
бакропис, акватинта, 63 x 91
169. ПАТ СО ПАТЕКИ ШТО СЕ РАЗДЕЛУВААТ, 1981/82
бакропис, акватинта во боја, 63 x 91

МЕХМЕД ЗАИМОВИЌ

170. ПРОЗОРЕЦ, 1977
масло на платно, 140 x 140
171. СПОМЕН НА ПРОСТОРОТ, 1978
масло на платно, 115 x 115
172. СЕЌАВАЊЕ НА МУЗИКАТА, 1982
масло на платно, 100 x 100
173. ТРОЈЦА, 1983
цртеж со перо, сепиа, 63,5 x 91,5

САФЕТ ЗЕЦ

174. КУЌИ И КРОШНИ, 1975
комбинирана техника, 139 x 168,5
175. ГОЛЕМА КРОШНА, 1978
комбинирана техника, 169 x 139
176. ПРОЗОРЦИ, 1979/80
комбинирана техника, 135 x 170,5

АВДО ЖИГА

177. РИБА, 1981
бакропис, акватинта, 75 x 59
178. НОСОРОГ, 1983
бакропис, акватинта, 57 x 79

---

Изложбата е реализирана во соработка со уметничката галерија на Босна и Херцеговина, Сараево

издавач: музеј на современата уметност, скопје
одговорен уредник: слободанка парлиќ — баришиќ
организација на изложбата: соња панчевска
печати: графички завод „гоце делчев" — скопје
тираж: 300